Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 53 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 67-та седница одржана на ден __.08.2025 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност за формирање паралелки**
**со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година**
**во ООУ„Блаже Конески“ Велес**

1. Со ова Решение се дава согласност на ООУ„Блаже Конески“ Велес да формира паралелка со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година и тоа:

- 1 паралелка во IX-2 одделение со 19 ученици
- 1 паралелка во IX-3 одделение со 15 ученици

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р

**Образложение**

До Советот на Општина Велес од страна на ООУ„Блаже Конески“ Велес доставено е барање за добивање согласност за формирање на две паралелки со помал број на ученици во деветo одделение во учебната 2025/2026 година.

Општина Велес се обрати со барање со арх.бр.08-3665/7 од 25.07.2025 година и Ургенција со арх.бр.08-3665/8 од 15.09.2025 година до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, Сектор за основно образование, за добивање на позитивно мислење.

Согласно член 53 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25): „Паралелка може да се формира и со помалку од 20 ученици по добиена согласност од основачот“.

Врз основа на горенаведеното, а со оглед на тоа што бројот на запишани ученици е помал од законски предвидениот минимум за формирање на паралелка, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВЕЛЕС
ул. Љубљанска бр. 1 Велес тел.043/222-090
e-mail:oublazekoneski@yahoo.com www.blazekoneskiveles.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Бр. 05-547/1
16. 07 2025 год.
ВЕЛЕС

**До**

**Совет на Општина Велес**

**Предмет: Барање на согласност за формирање на паралелка со помал број на ученици од ООУ „Блаже Конески“ Велес**

Почитувани,

Општинското основно училиште „Блаже Конески“ – Велес во согласност со член 53 став 5 од Законот за основно образование, Ви доставува Барање на согласност за формирање на 2 (две) паралелка со помал број на ученици од 20 во учебната 2025/2026 година во IX (деветто) одделение и тоа:

- IX-2 одделение со 19 ученици и
- IX-3 одделение со 15 ученици.

Со почит,

Директор

Маја Коруновска